Површина на проектниот опфат (Извод од ДУП) :	**34033 м2** *(34033.39 м2)*
Површина на проектниот опфат (DXF):	**34033м2** *(34033.40 m2)*
Периметар на проектниот опфат :	**1104.35 м**

*Напомена: Разликата од 0.01 м2 е поради заокружување на параметрите од графичките прилози Не е исклучено да се појават разлики за ±1м2 во вредностите за површините на новопредложените состојби кои ќе се запишат во АКН. Ова може да се јави како последица на користењето на софтверскиот пакет Makedit.

Со изработка Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид, потребно е да се постигнат следните цели :

- Согласно член 63 став (1) точка 4 и став (3) од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (сл. весник бр. 127/25) со изработката на овој УП ќе се изврши корекција на границите помеѓу Градежните парцели ГП 1.01 и ГП 1.02 и нивно поклопување со границата на катастарската парцела КП 1654/2 во КО Охрид 4, односно доведувајки ги градежните парцели ГП 1.01 и ГП 1.02 во рамките на сопственост со што сразмерно ќе се намалува и површината за градење и вкупно развиената површина од страната на парцелата каде истата се намалува а во согласност со останатите параметри и предвидените пласки одредби како процент на изграденост, коефициент на искористеност, намена на земјиштето и градбите, максимална височина на градбите за ГП 1.01 согласно си прописите по кои е донесен урбанистичкиот план.

- Согласно член 63 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (сл. весник бр. 127/25) предмет на урбанистичкиот проект со план за парцелација од ставот (1) на овој член е разработката на урбанистичкиот план со утврдување на нова парцелација, уредување на диспозицијата и формата на површините за градење со можност за нивно поместување, со обезбедување на растојанија на површините за градење до границите на градежната парцела не помали отколку што се кај соседните парцели организацијата на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат, без да се менуваат збирните урбанистички параметри во границите на проектниот опфат предмет на урбанистичкиот проект, и тоа: параметри за површината за градење, вкупно изградената површина за градење, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, намената на земјиштето и градбите, максималната височина на градбите, утврдениот број на станбени единици, како и другите предвидени плански одредби, согласно со прописите по кои е донесен урбанистичкиот план.

- Согласно член 63 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (сл. весник бр. 127/25) при разработка на урбанистичкиот план со урбанистички проект со план за парцелација се намалува површината на градежната парцела, сразмерно се намалува и површината за градење и вкупно развиената површина од страната на парцелата каде истата се намалува, а во согласност со останатите урбанистички параметри и предвидените плански одредби како процент на изграденост, коефициент на искористеност, намена на земјиштето и град бите, максимална височина на градбите, утврден број на станбени единици и сл. за таа градежна парцела согласно со прописите по кои е донесен урбанистичкиот план.

- Согласно член 63 став 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање (сл. весник бр. 127/25) Просторната организација на површините за изградба и инфраструктурите во проектниот опфат на урбанистичкиот проект од ставот (1) од овој член се врши врз основа на планот за парцелација којшто синхронично се изработува како посебен прилог на урбанистичкиот проект.

Со корекцијата на меѓусебната граница на градежните парцели површините на градежни парцели се променуваат и нивните површини изнесуваат :

Корегирана ГП 1.01 *(на КП.бр.1635/3, КП.бр.1635/4, КП.бр.1636/1, КП.бр.1637, КП.бр.1638, КП.бр.1639/5, КП1639/7, КП 1639/8, КП.бр.1642/1, КП.бр.1642/2, КП.бр.1645, КП.бр.1648/2, КП.бр.1648/1, КП.бр.1644/1, КП.бр.1644/2, КП.бр.1650/4, КП 1651/2 и делови од КП бр. 1656/3, КП.бр.1654/1, КП.бр.1653/1, КП.бр.1632, КП.бр.1641, КП.бр., КП.бр.1639/6, КП.бр.1646, КП.бр.1643/1, КП.бр.1651/1 и КП.бр.1649/2)*

П = 30656 м² (30656.23 м²)

Корегирана ГП 1.02 *(на делови од КП.бр.1654/2 , КП.бр.1655/1, КП.бр.1655/2 и КП.бр.1655/5)*

П = 3377 м² (3377.17 м²)

При тоа површината на проектниот опфат останува непроменета и изнесува **34033.4 м2**
(по Извод) П = 34033.39 м2

Периметар на проектниот опфат : **1104.35 м**

Напомена: Разликата од 0.01 м2 е поради заокружување на параметрите од графичките прилози. Не е исклучено да се појават разлики за ±1м2 во вредностите за површините на новопредложените состојби кои ќе се запишат во АКН. Ова може да се јави како последица на користењето на софтверскиот пакет Makedit.

Паркирањето треба да се обезбеди во рамките на градежната парцела, а потребниот број на паркинг места прецизно ќе се утврди со изработка на проектна документација, усогласено со Правилникот согласно Изводот од ДУП.

3.1 Споредбени нумерички показатели

Нумерички показатели за основната градежна парцела ГП 1.01 и ГП 1.02 (според ДУП и Геодетскиот елаборат - нумерички податоци) и нумерички показатели за корегираните градежни парцели ГП 1.01 и ГП 1.02 (според УП)

Нумерички показатели за ГП 1.01 *(на КП.бр.1635/3, КП.бр.1635/4, КП.бр.1636/1, КП.бр.1637, КП.бр.1638, КП.бр.1639/5, КП1639/7, КП 1639/8, КП.бр.1642/1, КП.бр.1642/2, КП.бр.1645, КП.бр.1648/2, КП.бр.1648/1, КП.бр.1644/1, КП.бр.1644/2, КП.бр.1650/4, КП.бр.1651/2 и делови од КП бр. 1656/3, КП.бр.1654/2, КП.бр.1654/1, КП.бр.1653/1, КП.бр.1632, КП.бр.1641, КП.бр.1639/6, КП.бр.1646, КП.бр.1643/1, КП.бр.1651/1 и КП.бр.1649/2)* **- согласно ДУП и ГЕ (нумерички).**

Намена на градбата :	Г2 – лесна и незагадувачка индустрија
Компатабилни класи на намени :	Б1-мали комерцијални и деловни дејности до 30%, Б2 големи трговски единици до 30%, Б4-деловни простори до 30%, Г3-сервиси до 30% и Г4- стоваришта до 30%.

Максимално вкупно учество на компатибилните намени во однос на основната: 49%

- Површината на градежната парцела изнесува **30747 м²** (30747.46 м²)*
- Површината за градба **14983 м²**
- Вкупна развиена површина за градба **19477 м²**
- Процент на изграденост изнесува 48.73 %
- Коефициент на искористеност 0.63
- Број на спратови П+1
- Максимална височина на градба 12.00 м
- Макс. висина на слеме 4.50 м (во однос на зврш. венец)

Нумерички показатели за *корегирана* ГП 1.01 *(на КП.бр.1635/3, КП.бр.1635/4, КП.бр.1636/1, КП.бр.1637, КП.бр.1638, КП.бр.1639/5, КП1639/7, КП 1639/8, КП.бр.1642/1, КП.бр.1642/2, КП.бр.1645, КП.бр.1648/2, КП.бр.1648/1, КП.бр.1644/1, КП.бр.1644/2, КП.бр.1650/4, КП.бр.1651/2 и делови од КП бр. 1656/3, КП.бр.1654/1, КП.бр.1653/1, КП.бр.1632, КП.бр.1641, КП.бр.1639/6, КП.бр.1646, КП.бр.1643/1, КП.бр.1651/1 и КП.бр.1649/2)* – ***согласно УП***

Намена на градбата :	Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси

Максимално вкупно учество на компатибилните намени во однос на основната: 49%

Компатабилни класи на намени :	Б1-мали комерцијални и деловни дејности до 30%, Б2 големи трговски единици до 30%, Б4-деловни простори до 30%, Г3-сервиси до 30% и Г4- стоваришта до 30%.

- Површината на градежната парцела изнесува **30656 м²** (30656.23 м²)*
- Површината за градба **14938 м²**
- Вкупна развиена површина за градба **19419 м²**
- Процент на изграденост изнесува 48.73 %
- Коефициент на искористеност 0.63
- Број на спратови П+1
- Максимална височина на градба 12.00 м
- Макс. висина на слеме 4.50 м (во однос на зврш. венец)

Во рамките на градежната парцела да се обезбеди и заштитно зеленило во појас од 5,0м долж улиците Паркирање во рамките на градежната парцела во согласност со член 54, 55, 56, 57, 58 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градба.

Нумерички показатели за ГП 1.02 *(на делови од КП.бр.1655/1, КП.бр.1655/2 и КП.бр.1655/5)* - согласно ДУП и ГЕ (нумерички).

Намена на градбата : Г2 – лесна и незагадувачка индустрија

Максимално вкупно учество на компатибилните намени во однос на основната: 49%

Компатабилни класи на намени : Б1-мали комерцијални и деловни дејности до 30%, Б2 големи трговски единици до 30%, Б4-деловни простори до 30%, Г3- сервиси до 30% и Г4-стоваришта до 30%.

- Површината на градежната парцела изнесува **3286 м²** (3285.93 м²)*
- Површината за градба **1465 м²**
- Вкупна развиена површина за градба **2197 м²**
- Процент на изграденост изнесува 44.58 %
- Коефициент на искористеност 0.67
- Број на спратови П+1
- Максимална височина на градба 12.00 м
- Макс. висина на слеме 4.50 м (во однос на зврш. венец)

Нумерички показатели за *корегирана* ГП 1.02 *(на делови од КП.бр.1654/2 , КП.бр.1655/1, КП.бр.1655/2 и КП.бр.1655/5)* *согласно УП*

Намена на градбата : Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси

Максимално вкупно учество на компатибилните намени во однос на основната: 49%

Компатабилни класи на намени : Б1-мали комерцијални и деловни дејности до 30%, Б2 големи трговски единици до 30%, Б4-деловни простори до 30%, Г3-сервиси до 30% и Г4- стоваришта до 30%.

- Површината на градежната парцела изнесува **3377 м²** (3377.17 м²)*
- Површината за градба **1465 м²**
- Вкупна развиена површина за градба **2197 м²**
- Процент на изграденост изнесува 43.4 %
- Коефициент на искористеност 0.65
- Број на спратови П+1
- Максимална височина на градба 12.00 м
- Макс. висина на слеме 4.50 м (во однос на зврш. венец)

Во рамките на градежната парцела да се обезбеди и заштитно зеленило во појас од 5,0м долж улиците Паркирање во рамките на градежната парцела во согласност со член 54, 55, 56, 57, 58 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градба.

Нумерички показатели за проектниот опфат

- Површина на проектен опфат според ДУП **34033.39 м²**
- Површина на проектен опфат според Геодетски елаборат за нумерички податоци и DXF **34033.4 м²**
- Површина на проектен опфат според УП (измерена) **34033.4 м² (34033м²)**

Напомена: Разликата од 0.01 м2 е поради заокружување на параметрите од графичките прилози. Не е исклучено да се појават разлики за ±1м2 во вредностите за површините на новопредложените состојби кои ќе се запишат во АКН. Ова може да се јави како последица на користењето на софтверскиот пакет Makedit.

Слободните површини во рамките на градежната парцела може да се дефинираат како :

- Слободни – манипулативно плато (за динамичен и статичен сообраќај)
- Слободни – партерно хортикултурно уредени површини

и истите ке бидат обработувани во понатамошната проектна разработка на градежната парцела.

- **Внатрешен динамичен и стационарен сообраќај**

Површините за динамичен и стационарен сообраќај во рамките на градежната парцела треба да се планираат на едно ниво, а изведбата на поплочувањето да е од ист или компатибилен материјал.

Во планирањето на градежната парцела треба да се предвиди поплочена површина околу градбите како и да се предвидат уредени поплочени пешачки стази во рамки на градежната парцела.

- **Партер и хортикултура**

Целата површина на градежната парцела, надвор од површините за градба, треба партерно и хортикултурно да се уреди. Партерната обработка се препорачува да се изведе од елементи за поплочување со кои ке се потенцира естетската страна на планираните градби.

3.2 Комунална инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засноваат на постојната и планираната состојба. Истите се изработени во согласност со важечките прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени или диктирани од локалните услови, односно, (локациски, рељефни или услови кои произлегуваат од постојната изведена инфраструктурна мрежа).

Реализацијата на овој Урбанистички проект обврзувачки е да се решава преку идејни и основни проекти за планираните градби за чија реализација ке бидат дадени основи податоци од претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура на територијата на планскиот опфат.

3.2.1 Електроенергетска инфраструктура

Приклучувањето на електроенергетската инфраструктура ке биде разработено во фазата на изработка на основни проекти за изградба на планираните градби, на постојната инфраструктура и со претходно добиени податоци и согласност од Електродистрибуција дооел, Скопје.

3.2.2 Телекомуникациска инфраструктура

Приклучувањето на телекомуникациската инфраструктура ке биде разработено во фазата на изработка на основни проекти за изградба на планираните градби, на постојната инфраструктура и со претходно добиени податоци и согласност од Македонски Телеком.

3.3 Хидротехничка инфраструктура

- **Водоснабдување**

Приклучувањето на водоводната инфраструктура ке биде разработено во фазата на изработка на основни проекти за изградба на планираните градби на постојната инфраструктура и со претходно добиени податоци и согласност од ЈП Водовод – Охрид.

- **Канализација**

Приклучувањето на канализационата инфраструктура ке биде разработено во фазата на изработка на основни проекти за изградба на планираните градби, на постојната инфраструктура и со предходно добиени податоци и согласност од ЈП Нискоградба Охрид.

- **Атмосферска канализација**

Во проектниот опфат нема постојна ниту планирана атмосферска канализација. Одводнувањето на атмосферските води од планираната градба и припадната површина во рамки на градежната парцела од зелените површини и поплочените површини ке биде преку понирање.

4. Детални услови за проектирање и градење

Параметрите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на УП и имаат правно дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување на сила на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид.

Со параметрите се уредуваат условите за градба на просторот во рамките на утврдената граница на проектниот опфат – градежната парцела.
.
Општите одредби за градење се превземени од Одредбите од “ДУП за УЗ 15 УБ 15.7” во КО Охрид 4, Општина Охрид (Одлука бр. 08-17168/112 од 30.11.2023)

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Општи услови за изградба ; развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат
1.1 Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите и конкретните решенија во Детален урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7, Општина Охрид со плански период 2019-2024. Условите за изградба ќе се применуваат на целиот плански опфат чиј граници и мери се дадени во графичкиот прилог во Р=1 : 1000.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 25, 10 ха.
Планскиот период на овој Детален урбанистички план е 2018 - 2023 год.
Овие Општи услови за изградба се составен дел на изработениот Детален урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7 - Општина Охрид со плански период 2019- 2024. Планскиот документ е работен согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Закон за урбано зеленило (Службен весник на РМ бр. 11/18 и 42/20), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план , Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и Регулациски план на Генерален урбанистички план , Формата, Содржината и начинот на обработка на Урбаистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината и формата и начинот на .обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ број 142/15).

Деталниот урбанистички план е усогласен со Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029) (Службен весник на

РСМ бр.45/20) со Акциски план, односно со забранетите мерки во зона III-в во која припаѓа планскиот опфат.

Изградбата на нови објекти , сообраќајна инфраструктура како и вкупното просторно уредување на предметниот плански опфат треба да се изведува во согласност со законската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие Општи услови за градење, развој и користење на земјиштето за градби.

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на комплекси и градби во градот Охрид.

Во планот Детален урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7 - Општина Охрид со плански период 2019-2024 е застапена основна класа на намена во согласност со чл. 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Наведените дејности се дел од системот на класи на намена и тоа: Основните класи на намена на земјиштето во планскиот опфат е Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, Б2 - големи трговски единици, Д2 - заштитно зеленило, Е2 - комунална супраструктура и Е1-комунална инфраструктура.

1.2 Составен дел на овие Услови за градба се Документационата основа и Планската документација за предметниот Детален урбанистички план со свој текстуален и графички дел во размер Р=1:1000. ,
Графичкиот дел го сочинуваат прилози од документациона основа: Извод од ГУП ; Ажурирана геодетска подлога, · Инвентаризација и снимање на изграден градежен фонд, и изградена комунална инфраструктура; · и· планска документација : План на намена на земјиште и градбите, Регула.Ционен план· и план на површини за градење , Сообраќаен и нивелациски план и план на зеленило, Инфраструктурен план и Синтезен план.
1.3 Граница на плански опфат на Деталниот урбанистички план е граница на подрачје наменето за градење. Во границите на планскиот опфат, за временски период од 5 години, одредено е земјиште за парцели за изградба согласност со чл. 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
1.4 Градежното земјиште е земјиште чија што намена и начин на користење се утврдува со Детален урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7 - Општина Охрид со плански период 2019-2024, а статусот го добива со самото усвојување на овој Детален урбанистички план. Градежното земјиште во примарна поделба се дели на парцелизирано градежно земјиште за поединечно градење и употреба и непарцелизирано за општа употреба во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
1.5 Регулационите линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото за градење. Регулационите линии се регулациона линија и граница на градежната парцела кои се дефинирани во планот во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
1.6 Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење и ќе се дефинира во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Градежните парцели се со различна големина и дадени се во планот за парцелација како и во табеларните прикази . Формираните градежни парцели главно се согласно катастарските парцели, согласно потребната намена на просторот.
1. 7 Намената на земјиштето и намената на површините за градба се базираат на

важечкиот ГУП на Град Охрид. Поконкретно објаснување на системот на класи на намени е дадена во чл. 28 према групите на класи на намени и во воведниот дел на овие Општи услови за градење.
1.8 Посебно се препорачува водење сметка за компатибилни класи на намена што е во согласност со чл. 31 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
1.9 Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради и се дефинира во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

1.10 Површина за градење е планска одредба со која во Деталниот урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите. Со деталниот урбанистички план е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на по.вршините за градење на повеќе градби , за кои е потребно да се разработат со Архитектонско-урбанистички проект согласно Член 51 став 1 и став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).
Во вкупната етажна површина за градба влегуваат и дозволените пречекорувања согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл . весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).
1.11 Диспозицијата на површината за градење од градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење и намен ата на градежната парцела што е дефинирано Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и постојната состојба.
1.12 Максимапната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија. Сите подетални елементи на планирање се дефинирани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Дадена е максимална висина до венец и може етапно да се реализира и е изразена во метри .

За терени во пад доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад , максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

За терени во пад, максималната височина на нултата плоча се определува во однос на котата на заштитниот тротоар на градбата од страна на пристапната улица при што како услов за градење се утврдуваат и други параметри како : вкупниот број на нивоа на градба, карактеристични пресеци и сл.

Максималната висина на градбата дефинирана со овој план е дадена планирана за секој објект. Правото да се гради до дозволената максимална висина е исполнето со другите урбанистички услови дадени со овој план , а пред се: обезбеден потребен број на паркинг места , потребното растојание до границата на соседната парцела и др.

Висината на кровот се дефинира како висина на слеме. Максималната височина на слемето изнесува 4,5 метри над завршниот венец на кроената конструкција.

1.13 Процентот на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е

зафатено со градба. Во максимално дозволениот процент на изграденост дефиниран со Планот управување, влегува и површината од дозволените пречекорување .

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Процент на изграденост на парцелите и коефициент на искористеност на земјиштето при реализација на планот потребно е да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

1.14 Во рамките на градежната парцела да се уре~ат површини со зеленило. Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежни.те парцели под којашто површина не може да се гради, да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ , б.рА 1/2018 и 42/2020 и 42/2020).

1.15 Покрај зеленилото од мин. 20% во рамките на гадежните парцели да се обезбеди заштитно зеленило во појас од 4,0 до 5,Ом долж собирната , сервисната и индустриските улици.

1.16 Во однос на решавање на проблемот на стационарниот сообраќај согласно членовите од 54 до 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) ќе се решава во градежните парцели , додека минималниот број на паркинг места ќе се определи при изработка на проектната документација согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

1.17 Сообраќајната инфраструктура се состои од мрежа на магистрална, собирни, сервисни , индустриски сообраќајници како и пристапни и пешачки улици и патеки. Планирањето на сообраќајната мрежа во Деталниот урбанистички план е работено во согласност со важечкиот ГУП на град Охрид - Општина Охрид, донесен со одлука на Совет на Општина Охрид бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 год.

1.18 Сите елементи на уличната мрежа се работени во согласност со Точката 12 - Елементи на уличната мрежа од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и тоа со членовите: 66, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74. Свртниците на индустриските улици се планирани воглавно со Т - завршетоци со радиуси од 12,Ом. Планирани се и свртници дизајнирани по Нојферт - Тип 9 свртувалишта, со внатрешен радиус од 9,0м.
Сообраќајот во планскиот опфат е дозволен само за возила (за меродавното возило со кое се планирани проширувањата за свртување од 9м), а додека за возилата кои го надминуваат меродавното возило не е дозволен.

1.19 Основните решенија за инфраструктурата се дадени на подлоги со прикажана проекција. Бидејќи се работи за основни решенија сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи доколку проектите од понисоко ниво (идејни и изведбени) покажуваат поопрaвдани , поекономични или условени од аспект на време на реализација на решенија. Поради тоа при издавање на локација за одредени инфраструктурни објекти (водоводна мрежа, канализациона мрежа, електроенергетски далекуводи и дистрибутивни трафостаници, водови за пренос на податоци и телекомуникација и др.) треба да се земе во предвид постојната инфраструктурна мрежа а кои што треба да се земат во предвид како задача при проектирање на нови инфраструктурни објекти.

1.20 Во склоп на секоја градежна парцела може да се предвиди трафостаници за потребите на поединечните објекти , согласно. изработка на архитектонскоурбанистички проект.

1.21 Врз основа на податоците добиени од ЈП Охридски Комуналец-Охрид со бр. 03-748/1 од 10.05.2021 во границите на градежни парцели да се предвиди место за поставување садови за комунален отпад · како и пристап до истите, заради непречено одвивање на дејноста за која е задолжено јавното претпријатие.

1.22 Трошоците настанати во постапката за добивање на Одобрение за изградба на објектот како и трошоците настанати околу изместување на инфраструктурните објекти заради овозможување на градба , паѓаат на сметка на инвеститорот на објектот.

1.23 При изработка на Проектна документација да се постапи по Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и да се планираат услови за движење на инвалидизирани лица со применување на мерки за спречување бариери во просторот, комплексите и објектите.

1.24 Стратешка оцена на животна средина и просторно планирање
Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр 53/05, 24/07,159/08,48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 39/16 и 42/16) изработена е Стратешка оцена на животна средина и просторно планирање за ДУП за УЗ 15, УБ 15. 7 (2019-2024) - Општина Охрид , на која е издадено позитивно мислење по Финален Извештај за стратешката оцена на животна средина од МЖСПП со бр 15-876/2 од 05.03.2021 ГОД.
Извештајот за стратешка основа на животната средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за Стратешка оцена на животна ср~дина и просторно планирање ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплетентирање на планот, како и преглед на регулаторна рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата на животна средина за сите идни проекти кои би се реализирале во планот.
Со Стратешка оцена на животна средина и просторно планирање постигната е општата цел, односно направена е целосна анализа на потенцијалните влијанија од донесувањето на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена , а воедно се утврдени и мерки за заштита , намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина. Со Извештај за Стратешка оцена на животна средина и просторно планирање се препорачува доследна примена на мерките за заштита на животната средина.

Препораки од Финалниот Извештај за стратегиска оцена на животна средина :

- При имплементацијата на Планската документација да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследстдво на Охридсјиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство;
- При носење одлуки во постапките за усвојување Планот, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции , засегнатите страни и засегнатата јавност ;
- При изградба на новопланираните објекти да се користат енергетски ефикасни материјали; .
- Примена на современи технолошки pet.μени}а и најдобри достапни техники (НДТ) при планирање, изградба и воведување на технолошки линии во индустриските капацитети , односно идните ·индустриски bбјекти да работат во согласност со НДТ

(најдобрите достапни техники) дsфиАиран_и во ·БРЕФ документите за разни типови индустриски дејности;
- Третман на емисиите во воздух и контрола на емитерите;
о Минимизирање на употребата на фосилни горива како енергенс, односно фаворизирање на употреба на енергенси од обновливи извори на енергија ;
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси;
- Соодветно димензионирање на водоводната и канализационата мрежа и преземање на сите неопходни мерки за избегнување на можни хаварии на цевководите;
D Приклучување на водоводната и канализационата мрежа од планскиот опфат на градската водоводна и канализациона мрежа, по претходно добиена согласност за приклучок од страна на јавното комунално претпријатие;
- Водата од градската водоводна мрежа да се користи само за санитарни потреби;
- Потребните количини на техничка вода да се обезбедат со користење на подземните води (бунари);
- Искористувањето на подземните води да се врши во согласност со дозволата за користење подземни води (бунари), издадена од Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина-Сектор за води;
- Следење на потрошувачката на вода за пиење и техничка намена и примена на мерки за нејзино рационално користење;
- Уште во фазата на градба на индустриските капаците да се применат сите неопходни мерки за намалување на нивото на бучава , како и избор на опрема која генерира ниво на бучава прифатлива за предметната локација и нејзината сензитивност.
- Почитување за законските обврски за дозволено ниво на бучава.
- Навремено обезбедување на потребната документација и податоци од сите релевантни институции за постојните и идни планирани материјални добра , односно подземна и надземната инфраструктурна инсталација во планскиот опфат и околното опкружување, со цел да избегнат инциденти;
- Имплементација на сите предложени мерки и решенија дадени во планската документација за изградба на објектите , како и примена на сите мерки кои ќе потекнуваат од поединечните студии, ИСКЗ дозволи/елаборати, со што ќе се овозможи елиминирање на евентуалните несреќи и хаварии кои може да предизвикаат негативни влијанија врз материјалните добра и животната средина;
- Приклучокот и искористувањето на водите да се врши во согласност со дозволата за приклучок издадена од ЈКП и општина Охрид;
□ Испуштањето на отпадните води во канализација да се врши во согласност со дозволата за испуштање води, издадена од ЈКП и општина Охрид;
- Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи.
- Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје и безбедност.

- Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС кои предвидуваат мерки за ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел 1;1збегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од· животната средина и населението, особено мерките за намалување на нивото на бучава, заштита на водите, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии. · ·
- При имплементацијата на Планската ·документација, да се почитуваат одредбите на Законот за урбано зеленило (Сл . Весник на РМ бр. 11 /18 и 42/20).

1.25 Со оглед на фактот дека планскиот концепт на предметната планска документација предвидува анимирање на градежно земјиште со доминантна класа на намена Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија преку операционализирање на плански поставки утврдени во постоечкиот Генерален урбанистички план на Охрид (2002-2012) како и фактот дека во поглавјето 3.3.2 од истата се обработени мерките за заштита на природното наследство согласно Планот за управување со Светското природно и

културно наследство на Охридскиот Регион, Министерство за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина - Сектор природа, во мислењето по предметниот ДУП со бр. 11-3778/2 од 04.08.2021 год ги дава следните насоки:

- При изработка и донесување на Деталниот урбанистички план за УЗ 15, УБ 15. 7, КО Охрид 4, Општина Охрид (2019-2024) покрај режимот на заштита утврден во Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), целосно да се почитуваат и применуваат законските одредби дефинирани во член 2, став 2 и став 3, член 6, член 9, алинеа 4 од Законот за управување со светско природно и културно наследство во Охридскиот регион (сл весник на РМ бр. 75/10).

- При спроведување на Деталниот урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7, КО Охрид 4, Општина Охрид (2019-2024) целосно да се почитува точка 9 од Заклучоците од 57-та Седница на Влада за Република Северна Македонија одржана на 23.03.2021 година , бр. 40-3698/1 од 23.03.2021 година, согласно која се препорачува општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца во постапките на издавање на одобрение за градба задолжително покрај изводот од Детален урбанистички план да издаваат и изводи од Планот за управување со Светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акцискиот план (Сл. Весник на РСМ бр.45/20).

- Согласно член 17 од Законот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот Регион (Сл. Весник на РМ бр.75/10) предметната планска документација да се достави на мислење до Комисија за управување со светското природно и културно наследство на Охридрскиот регион именувана од страна на Владата на Република Северна Македонија (Сл весник на РСМ бр.143/20).

1.26 Планскиот опфат на ДУП УЗ 15, УБ15.7 - Општина Охрид се наоѓа вон зоната на било кој аеродром , леталиште или воздухопловен уред, односно во планскиот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот може да се планира без посебни ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Согласно дописот - Податоци и нформации од АЦВ , бр . 12-8/234 од 08.05.2019 година, напоменуваат доколку во планскиот опфат се планираат објекти кои би преставувале препреки во воздухопловството: ,
а Издвоени антенски столбови со височина поголема од 15м , или
о Оџаци со височина поголема од 30м, или
а Далноводи под напон поголем од 100кв на премин преку автопат, или
а Ветерници , или .
о Други објекти со височина поголема од 100,0м ,
Потребно е да се задолжи инвеститорот до Агениција за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 став 2 од Законот за воздухопловство (Службен весник на РМ бр.68/13 , 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31 /16 и 64/18).
1.27 При примена и реализација на овој Детален урбанистички план за се што не е дефинирано со овие Општи услови за градење ќе се применуваат стандарди и нормативи утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

2. Посебни услови за изградба

Во графичкиот прилог се дадени сите урбанистички параметри , за сите парцели поодделно за целиот плански опфат со: број на парцела, класа на намена, компатибилна класа на намена , површина на парцела, површина за градба, вкупна етажна површина за градење, максимална височина на објектот во метри и број на спратови.
Во рамките на градежната парцела да се уредат површи ни со зеленило.
Минимална застапеност на зеленилото во рамките на градежните парцели под којашто површина не може да се гради , да изнесува 20% од површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ, бр.11/2018 и 42/2020 и 42/2020).

Сите елементи на уличната мрежа се работени во согласност со Точката 12 - Елементи на уличната мрежа од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и тоа со членовите: 66, 67, 68, 69, 70, 71 , 72, 73, 74.
Свртниците на индустриските улици се планирани воглавно со Т - завршетоци со радиуси од 12 , Ом. Планирани се и свртници дизајнирани по Нојферт - Тип 9 свртувалишта , со внатрешен радиус од 9,0м.
Сообраќајот во планскиот опфат е дозволен само за возила (за меродавното возило со кое се планирани проширувањата за свртување од 9м) , а додека за возилата кои го надминуваат меродавното возило не е дозволен.

Деталниот урбанистички план е усогласен со Планот за управување со Светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020 - 2029)(сл.весник на СРМ бр.45/20) со Акциски план, односно со забранетите мерки во зона 111-в во која припаѓа планскиот опфат.

За планскиот опфат на кој е предвидено да се изработува Детален урбанистички план за УЗ 15, УБ 15.7 Општина Охрид со плански период 2019-2024 важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите:

3.1 Максимална височина на градење
Планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чии што пресек со теренот се совпага со градежната линија.
62 - големи трговски единици П+2 - (12,00 м)
Г2 - лесна и незагадувачка индустрија П , П+1; П+2 - (12,00 м)
Е2 - трафостаница П - (4,50 м)
- височина на слеме
планска одредба со која се утврдува највисоката точка на кровната конструкција и таа изнесува : 4,5 м над завршниот венец.

- максимална височина на нултата плоча

Со урбанистичкиот план се уредува висинската кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча во однос на котата на теренот (тротоарот).
- за кпаса на намена Б максимална кота на нулта плоча е 15см од котата на заштитниот тротоар на градбата.
- за кпаса на намена Г максимална кота на нулта плоча не е определена со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Рм бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и ќе зависи од технолошкиот процес на градбата.

површина за градба

Со деталниот урбанистички план е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површините за градење на повеќе градби , за кои е потребно да се разработат со Архитектонско-урбанистички проект согласно Член 51 став 1 и став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).
Во вкупната етажна површина за градба влегуваат и дозволените пречекорувања согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Рм бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

- реализација на планот
- Деталниот план може да се реализира во зависност од потребите на корисниците на просторот и имотно правната сопственост согласно член 51 став 4 со архитектонско - урбанистички проект може да се врши препарцелација и формирање на нови градежни парцели или спојување на градежни парцели формирани во урбанистички план и урбанистичко-планска документација кои се предвидени за изградба на градби со намена Г (производство, дистрибуција и сервиси), согласно со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање од членот 68 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ _бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

- процент на изграденост .
Со урбанистичкиот план се уредува процент на изграденост на локацијата, однос помеѓу површината за градба и површината на градежната парцела. Процентот на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатено со градба.

Во максимално дозволениот процент на изграденост дефиниран со Планот за управување, влегува и површината од дозволените пречекорувања

3.2 Сообраќај
Сообраќајната инфраструктура се состои од мрежа на магистрална, собирни, сервисни, индустриски сообраќајници како и пристапни и пешачки улици и патеки. Планирањето на сообраќајната мрежа во Деталниот урбанистички план е работено во согласност со важечкиот ГУП на град Охрид - Општина Охрид, донесен со одлука на Совет на Општина Охрид бр. 07-1438/2 од 30.06.2006 год.
Сите елементи на уличната мрежа се работени во согласност со Точката 12- Елементи на уличната мрежа од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и тоа со членовите: 66, 67, 68, 69, 70, 71 , 72, 73, 74.
Свртниците на индустриските улици се планирани воглавно со Т - завршетоци со радиуси од 12,0м . Планирани се и свртници дизајнирани по Нојферт - Тип 9 свртувал ишта .
Сообраќајот во планскиот опфат е дозволен само за возила (за меродавното возило со кое се планирани проширувањата за свртување од 9м), а додека за возилата кои го надминуваат меродавното возило не е дозволен .

3.3 Паркирање
Потребите за паркирање ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број на паркинг места , како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба. Потребниот точен број на паркинг места ќе биде дефиниран со проектна документација на градежната парцела , согласно член 54, 55, 56, 57, 58 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Рм бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

3.4 Комунална инфраструктура

За градбите и водовите на комуналните инфраструктурни системи планирани на градежно земјиште во планскиот опфат за кој е предвиден овој Детален урбанистички план, при реализација на планот приклучувањата се изведуваат во согласност со условите што ги пропишуваат соодветните правни субјекти што стопанисуваат со нив.

Врз основа на податоците добиени од ЈП Охридски Комуналец-Охрид со бр.03-748/1 од 10.05.2021 во границите на градежните ~арцели да се предвиди место за поставување садови за комунален отпад ка,ко и пристап до истите, заради непречено одвивање на дејноста за која е задолжено јавното претпријатие.
Согласно мислењето добиено од А1 со бр. 11-1289/1 од 07 . 03. 2023година, доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропрјационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А 1 Македонија ДООЕЛ Скопје . Трошоците за дислокацијата на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорите на проектот.

3.5 Културно наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) во урбанистички планови , врз основа на документацијата за недвижно културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.
Согласно добиените податоци од Министерство за култура со бр. 17-1943/2 од 13.05.2019 год. и мислењето од Министерство за култура - Управата за заштита на културното наследство со бр. 17-1663/2 од 22.05 . 2023год се констатира дека во границите на планскиот опфат не постои регистрирано културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наслество .
Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште , односно предмети од археолошко значење треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11 /18). Се напоменува дека предметниот простор представува дел од природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО .
Поради тоа при планирање и проектирање треба да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопување на објектите во амбиентот.

II. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите кои се однесуваат на проектниот опфат кои се применуваат со одобрување на Урбанистичкиот проект

Нумерички показатели за ГП 1.01 *(на КП.бр.1635/3, КП.бр.1635/4, КП.бр.1636/1, КП.бр.1637, КП.бр.1638, КП.бр.1639/5, КП1639/7, КП 1639/8, КП.бр.1642/1, КП.бр.1642/2, КП.бр.1645, КП.бр.1648/2, КП.бр.1648/1, КП.бр.1644/1, КП.бр.1644/2, КП.бр.1650/4, КП.бр.1651/2 и делови од КП бр. 1656/3, КП.бр.1654/1, КП.бр.1653/1, КП.бр.1632, КП.бр.1641, КП.бр.1639/6, КП.бр.1646, КП.бр.1643/1, КП.бр.1651/1 и КП.бр.1649/2)* **според Урбанистички проект**

Намена на градбата : Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси

Максимално вкупно учество на компатибилните намени во однос на основната: 49%

Компатабилни класи на намени : Б1-мали комерцијални и деловни дејности до 30%, Б2 големи трговски единици до 30%, Б4-деловни простори до 30%, Г3-сервиси до 30% и Г4- стоваришта до 30%.

- Површината на градежната парцела изнесува **30656 м²** (30656.23 м²)*
- Површината за градба **14938 м²**
- Вкупна развиена површина за градба **19419 м²**
- Процент на изграденост изнесува 48.73 %
- Коефициент на искористеност 0.63
- Број на спратови П+1
- Максимална височина на градба 12.00 м
- Макс. висина на слеме 4.50 м (во однос на зврш. венец)

Општи напомени кои се однесуваат за ГП 1.01

Површина за градба:

При изработка на идеен / основен проект да се почитуваат одредбите од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. весник на РСМ бр.45/20) за заштитна зона III -в, каде се забранува изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

Пристап до Градежната парцела :

Пристап за возила е обезбеден од секундарната сообраќајна мрежа – индустриска улица со профил И1 -ул. "Новопланирана индустриска 1,3, 7 и 8". На ул . "Новопланирана индустриска 1 и 7" планирани се свртници дизајнирани по Нојферт - Тип 9 свртувалишта, со внатрешен радиус од 9,0м. Сообраќајот во планскиот опфат е дозволен само за возила (за меродавното возило со кое се планирани проширувањата за свртување од 9м), а додека за возилата кои го надминуваат меродавното возило не е дозволен.

Паркирање:

Паркирање во рамките на градежната парцела во согласност со член 54, 55, 56, 57, 58 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градба.

Зеленило:

Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило . Минимална застапеност на зеленилото да изнесува 20% од ·површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило· (Сл.Весник на РМ, бр.11/2018 и 42/2020 и 42/2020).Покрај зеленилото од мин. 20% во рамките на гадежната парцела да се обезбеди и заштитно зеленило во појас од 5 , Ом долж улиците.

Нумерички показатели за *корегирана* ГП 1.02 *(на делови од КП.бр.1654/2 , КП.бр.1655/1, КП.бр.1655/2 и КП.бр.1655/5)* според Урбанистички проект

Намена на градбата :	Г2 – Индустриски згради од други преработувачки индустрии со помалку загадувачки процеси – фабрички комплекси
Максимално вкупно учество на компатибилните намени во однос на основната:	49%
Компатабилни класи на намени :	Б1-мали комерцијални и деловни дејности до 30%, Б2 големи трговски единици до 30%, Б4-деловни простори до 30%, Г3-сервиси до 30% и Г4- стоваришта до 30%.

- Површината на градежната парцела изнесува **3377 м²** (3377.17 м²)*
- Површината за градба **1465 м²**
- Вкупна развиена површина за градба **2197 м²**
- Процент на изграденост изнесува 43.4 %
- Коефициент на искористеност 0.65
- Број на спратови П+1
- Максимална височина на градба 12.00 м
- Макс. висина на слеме 4.50 м (во однос на зврш. венец)

Општи напомени кои се однесуваат за ГП 1.02

Површина за градба:

При изработка на идеен / основен проект да се почитуваат одредбите од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. весник на РСМ бр.45/20) за заштитна зона III -в, каде се забранува изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50%.

Пристап до Градежната парцела :

Пристап за возила е обезбеден од секундарната сообраќајна мрежа – индустриска улица со профил И1 - ул. "Новопланирана индустриска 3".

Паркирање:

Паркирање во рамките на градежната парцела во согласност со член 54, 55, 56, 57, 58 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градба.

Зеленило:

Во рамките на градежната парцела да се уредат површини со зеленило . Минимална застапеност на зеленилото да изнесува 20% од ·површината на парцелата, согласно член 20 од Законот за урбано зеленило· (Сл.Весник на РМ, бр.11/2018 и 42/2020 и 42/2020).Покрај зеленилото од мин. 20% во рамките на гадежната парцела да се обезбеди и заштитно зеленило во појас од 5 , Ом долж улиците.

III. Дополнителни услови за градба, развој и користење на земјиштето во рамки на наменските зони кои произлегуваат од одредбите на Планот за управување со Светското природно и културно наслество на Охридскиотрегион (2020 – 2029) и кои треба да се применуваат во изработката на УП.

Напомена :

Во изработката на Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид потребно е да се почитуваат Мерките за заштита на културното наследство во Охридскиот регион дадени во Т.9.2.2 како и одредбите од Т. 9.2.2.1 (Градски урбани центри) за Заштитна зона III -в од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (Сл. весник на РСМ бр.45/20)

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ВО ЗАШТИТНИТЕ ЗОНИ II И III :

- зачувување на висината и фасадниот изглед, како на поединечно заштитените добра и така и на амбиенталните објекти;
- зачувување на габаритот на поединечно заштитените добра;
- зачувување на изворната состојба на поединечно заштитените добра со спроведување мерки како конзервација, реставрација, санација и сл.;
- не смее да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени и амбиентални добра.

Новите градби треба да имаат :

- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;
- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината *Старо градско јадро*;
- улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;
- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

ЗАБРАНЕТИ АКТИВНОСТИ ВО ЗАШТИТНА ЗОНА III -в:

- изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 50% во граници на ГУП;
- интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност;
- изградба на објекти повисоки од П + 2 ката и поголем процент на изграденост од 50% во населбата Рача.

5. Мерки за заштита

5.1. Мерки за заштита на животната средина

Право и должност на РМ, Општината, како и на сите правни и физички лица да обезбедат услови за заштита и унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, регулирано со:

- Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14);
- Закон за заштита на природата ("Службен весник. на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 163/13).
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух ("Службен весник на РМ" бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 163/13 и 100/12;
- Закон за управување со отпад ("Службен весник на РМ" бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11 и 123/12);
- Закон за заштита од бучава во животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13);
- Закон за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 93/12 и 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 – пречистени текстови);
- Закон за водите ("Службен весник на РМ" бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11,44/12, 23/13 и 163/13)
- Уредба за класификација на водите ("Службен весник на РМ" бр. 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води ("Службен весник на РМ" бр. 18/99);
- Уредба за спроведување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оценка на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 74/05);
- Правилникот за општи правила за постапување со комуналниот и други видови на неопасен отпад ("Службен весник на РМ" 147/07);
- Правилникот за урбанистичкото планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/20, бр.219/21, бр.104/22, бр.99/23, бр.07/25, бр.143/25, бр.241/25, бр. 30/26 и бр.87/26).

Основните цели на политиката за заштита и унапредување на животната средина мора да се интегрираат во сите развојни, стратешки и плански програмски документи кои ги донесуваат органите на државата и општината.

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание врз одредени области на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на лугето;
- Предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води;
- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејсажите во предвидениот простор.

Напомена: Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

5.2. Мерки за заштита на природата

Со Законот за зашита на природата ("Службен весник. на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 163/13), се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа:

- заштитата на биолошката разновидност, заштитата на пределската разновидност и заштита на природното наследство;
- Доколку при реализација на оваа градба со намена домување во станбени куќи, на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 67/04, 14/06 и 84/07).

а. Заштита на воздухот

Загадувањето на воздухот настанува од природни извори и како последица на човековите активности во просторот. За аерозагадување може да се зборува во колку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот да постануваат штетни за луѓето, животните и растенијата, а го загрозуваат и здравјето и животот.

Природни извори на загадување на воздухот во просторот на третираниот проектен опфат не се евидентирани. Ова е чиста еколошки незагадена околина, а извори како последица на човековите активности настануваат од сообраќајот кој во овој регион е минимален така да и планираната намена која ќе се одвива во овој проектен опфат е чиста.

Досега на оваа територијата и поширокото окружување не е поставена мерна мрежа со уреди за мерење параметри значајни за проценка на загаденоста. Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот.

Врз основа на карактерот на индустријата, големината на градот, бројот на возила и метеоролошките услови се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со штетни материи на воздухот на територијата на предметниот простор.

Мерки за заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување со користење на доминантните воздушни струења;
- подобрена е состојбата на зелените површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини
- постигнат е сооднос меѓу изградените и слободни површини
- потребна е постојана контрола на загадувчите на атмосферата.

б. Заштита на водите и третман на површинските води

За проценувањето на обемот на загадување на површинските и подземни води во проектниот опфат потребно е да се означат врстата на материи, загадувачи и изворите на загадување. Загадувачи на овој простор не постојат ни пред да се оформи овој проектен опфат нити пак со неговото функционирање.

в. Заштита на почвите

Брзиот општествено економски развој има се поразвиени влијанија врз нарушувањето на квалитетот на почвите, бидејќи освен разградувањето на почвениот слој од ерозивните процеси и соголувањето на земјиштето со уништување на вегетациската покривка негативни последици врз почвата има и од прекумерната употреба на агрохемиските средства и таложењето на седиментите од загадениот воздух. Со сите видови загадувања кои се наброени се уништуваат виталните процеси во почвата. Ерозивните процеси, освен што го намалуваат квалитетот, односно бонитетот на почвата исклучително негативно влијаат врз карактеристиките на пејсажот нарушувајќи ја неговата природна физиономија.

Согледувајќи ги мерките за заштита кои во општината се превземаат, заклучуваме дека општеството не направило многу, но интензитетот на општествениот развој на оваа општина е релативно низок така што во себе не носи поголема агресивност кон животната средина. Тоа е главна причина што нејзиниот квалитет може да се оцени како добар.
Во наредниот период побрзото темпо на развој ќе носи поголеми загадувања и ќе треба со поголемо внимание да се прати природата и да се превземаат мерки за нејзината заштита, а тоа вклучува и поголеми материјални средства.

г. Заштита од бучава

Бучавата е загадувач на човековата околина што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на високата индустријализација и зголемен број на возила. Чести извори на бучава се наогаат во самите објекти предизвикани од удари при работа. Према мегународните стандарди и норми нивото на бучавата дозволено е до 60 децибели.

Проектниот опфат се наога во релативно мирен дел така да бучава нема во поширокиот простор на проектниот опфат. При планирањето на просторот водена е сметка за соодветно растојание на објектите од сообраќајниците.

д. Отстранување на отпадот

За заштита на животната околина важно е чистење на просторот во кој се престојува и работи. Постапката на евакуација на отпадните материи треба да го најде правото место во проектниот опфат.
Отпадните матери ги среќаваме како:
а. течни
- отпадни води од одржување на чистотата
- отпадни води од санитарии
- отпадни води од технолошки процес

б. цврсти
- хартија, амбалажа
- отпад од технолошки процес
- уличен отпад

На просторот во проектниот опфат нема појава на отпадни материи.

5.3 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 93/12 и 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 – пречистени текстови), се уредува заштитата и спасувањето на лугето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Природните непогоди се настани предизвикани од неконтролирано дејство на природните сили кои го загрозуваат животот и здравјето на лугето и животните и предизвикаат штети на имотот, културното наследство и животната средина (земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша атмосфески и други и непогоди.)

Епидемии, епизоотии и епифитотии се настани кои доведуваат до интензивни и масовни појави на одредени заболувања кај лугето, животните и растенијата.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, а начинот на примена со уредба го уредува Владата.

Заштита и спасувањето е работа од јавен интерс на Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 93/12 и 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 – пречистени текстови), како и Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите ("Службен весник на РМ бр.105/05).

Мерки за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирање и уредување на просторот и населбите;
- во проекти за објекти од јавниот сообраќај, како и за јавна, административна, културна и туристичко - угостителска дејност;
- при изградба на објекти и објекти од инфраструктура.

5.3.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Постојната сообраќајна мрежа овозможува пристап на пожарните возила до градежните парцели ГП 1.01 и ГП 1.02 во КО Охрид 4, Општина Охрид. Дел од планираните сообраќајници во ДУП се реализирани така што овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој проектен опфат изнесува околу 5-10 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 93/12 и 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 – пречистени текстови). Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата

и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на пропишани места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба согласно законската регулатива.

При изработката на Основните проекти предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството, како и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 231/20), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Службен весник на Република Македонија" број 94/09), Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија" број 26/18), Правилникот за суштински барања за градежните објекти („Службен весник на Република Македонија" број 74/06), Правилник за поблиско определување на изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, кои се однесуваат на техничката опрема и просторот за работа („Службен весник на Република Македонија" број 26/18), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба („Службен весник на Република Македонија" број 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Внатрешната хидрантска мрежа во објектите ќе се решава во понатамошните фази, при изработка на основни проекти за градбите.

Секундарната сообраќајна улична мрежа од која е опслужена градежната парцела, како и идните внатрешните сообраќајници ќе се со доволна ширина и е со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила. Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии. Просторот е опслужен од Противпожарната единица, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар. Времето на дејствување е помалку од 10 мин.

Предвидената сообраќајна инфраструктура за пристап е со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот и овозможува интервенција на противпожарните возила и службеници.

5.3.2 Заштита и спасување од урнатини

Мерката за заштита и спасување од урнатини, во која ќе се утврди во текот на планирањето на просторот претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос спрема слободните површини и степенот на прооднос на сообраќајниците.
При проектирањето на објектот да се води сметка да не се создаде тесно грло на сообраќајницата, зона на тотални урнатини.

При проектирањето на објектот да се внимава на растојанијата помеѓу соседните објекти и опасноста од урнатини од соседните објекти (при евентуално рушење на објектите од елементарни непогоди или воени дејствија), како и за поставеноста на влезот – излезот за евакуација, поради опасноста од блокирање на истите со урнатини.

Степенот за заштита од урнатини во голема мера се зголемува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Репубика Македонија (за просторот на Охридската котлина е со интензитет 8 МЦС) изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

5.3.3 Заштита и спасување од поплави

Проектниот опфат не е во близина на река или канал и не се очекува поплавување.
Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината и обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку река, спасување на загрозените луге на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.
Во рамките на проектниот опфат не се евидентирани водотеци.

5.3.4 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

Со оглед на составот на почвата, не се очекува настанување на свлекување на земјиштето. Поточно, се работи за рамен терен, но доста компактен кој преовладува во целата населба. Микролокациски – во рамките на самиот проектен опфат, опфатеното земјиште е идентично со околината.

5.3.5 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, преземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.
Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.
Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радиолошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

5.3.6 Засолнување

Согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11 и 41/14) член 62, Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објкти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната

самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.
Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите. При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето. Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, коишто имаат вработени лица со лиценца за вршење на таква дејност согласно со закон. Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.

Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција. Засолништата и другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата. Издавањето на засолништата и другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со

закон. Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти. Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

5.4 Услови за движење на инвалидизирани лица

Условите за движење на инвалидизирани лица се пропишани во точка 13, од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/20, бр.219/21, бр.104/22, бр.99/23, бр.07/25, бр.143/25, бр.241/25, бр. 30/26 и бр.87/26). Според овој Правилник составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на инвалидизирани лица во рамките на планскиот опфат.

- Површините за движење на пешаците (тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки), секаде каде дозволуваат условите мора да се со континуирана нивелета, без скалести денивелации, со подолжен наклон од најмногу 8,33 %;

- Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мора да се совладаат со скали, со урбанистички план задолжително се предвидува алтернативна врска со рампа со пад мак. 8,33 % или 1:12. Овие рампи се димензионираат за двосмерно движње на лица во колички при што нејзината најмала ширина е 1,65 м. а оптимална ширина 1.80 м.

- Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина: за наклон 8,33 % (1:12) мак. должина на рампата е 9,0 м, за наклон 6,66 % (1:15) мак. должина на

рампата е 12.0 м. за наклон 5.0 % (1:20) мак. должина на рампата е 15.0 м, а за неопходни поголеми должини на рампата, задолжително се планира одморалиште, со најмала должина е 1.50 м, а оптимална должина е 1.80 м.

- При планирање на елементи на уличната мрежа, задолжително се предвидуваат рампи за секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот:

Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

5.5 Плански мерки за заштита на културно - историско наследство

Од добиеното Мислење од Управа за заштита на културното наследство со бр.17-291/2 од 02.02.2026 г. не информираат дека доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење треба да се постапи согласно одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (“Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 20/19).

Согласно одредбите од „Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион со Акциски план 2020-2029" (Сл. Весник бр 45/2020), предвидениот опфат се наоѓа во Зона III-в на заштита на културното наследство, каде е пропишан соодветен режим на заштита кој треба да се почитува при изработката на планот како и да се почитуваат меѓународните и домашните прописи и да се води сметка за вклопување на објектите во амбиентот, особено во поглед на нивната висина и габарит.

ТАБЕЛА ОД ИЗВОД ОД ДУП

БЛОК 1

Бр. на град. парцела	Основна класа на намена	Компатибилна класа на намени на основната класа на намени	Максимално дозволен % на компатибилни класи на намени во однос на основната класа на намена	Број на спратови	Мах. висина до завршен венец	Површина на градежна парцела	Мах. површина за градба	Вкупна етажна површина за градење	Процент на зеленило во град. парцела	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност
1.01	Г2	Б1,Б2,Б4,Г3, Г4-49%	Б1-30%,Б2-30%, Б4-10%,Г3-30%,Г4-30%	П+1	12,00 м	30747.46 м²	14983 m2	19477 m2	20%	48.73%	0.63
1.02	Г2	Б1,Б2,Б4,Г3, Г4-49%	Б1-30%,Б2-30%, Б4-10%,Г3-30%,Г4-30%	П+1	12,00 м	3285.93 м²	1465 m2	2197 m2	20%	44.58%	0.67

УП

БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТАБИЛНА КЛАСА НА НАМЕНИ НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНИ	КОМПАТАБИЛНА КЛАСА НА НАМЕНА И МАКС. ДОЗВОЛЕН %	МАХ. ВИСИНА ДО ЗАВРШЕН ВЕНЕЦ	БРОЈ НА СПРАТОВИ	ПОВРШИНА НА ГП	МАКС. ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	БРУТО ЕТАЖНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ЗЕЛЕНИЛО ВО ГП	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ
1.01	Г2	Б1, Б2, Б4, Г3, Г4-49%	Б1-30%, Б2-30%, Б4-10%,Г3-30%,Г4-30%	12.00	П+1	30656.23	14938	19419	48.73%	20%	0.63
1.02	Г2	Б1, Б2, Б4, Г3, Г4-49%	Б1-30%, Б2-30%, Б4-10%,Г3-30%,Г4-30%	12.00	П+1	3377.17	1465	2197	43.4%	20%	0.65
ВКУПНО						34033.4	16403	21616			

Не е исклучено да се појават разлики за ±1м2 во вредностите за површините на новопредложените состојби кои ќе се запишат во АКН. Ова може да се јави како последица на користењето на софтверскиот пакет Makedit.

Паркирање во рамките на градежната парцела во согласност со член 54, 55, 56, 57, 58 и 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е основен услов за изградба до максимално дозволената височина и површина за градба.



ДОБИЕНИ ИНФОРМАЦИИ, ПОДАТОЦИ И МИСЛЕЊА

ДОБИЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ :

- ИЗВЕСТУВАЊЕ од МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД , Скопје под број 77263 од 09.01.2026 година.
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од ЈП ВОДОВОД - ОХРИД под број 09-53/1 од 16.01.2026 година
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од ЈП НИСКОГРАДБА Охрид под број 09-14/2 од 12.01.2026 година.
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје под број 10-55/7-7 од 09.01.2026 година.
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, Подрачно одделение Охрид - број 09-5/2 од 12.01.2026 година.
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од Ј.П. ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ - ОХРИД под број 3-132/2 од 30.01.2026 година.
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОСТВО под број 09-8/021 од 09.01.2026 година. ,
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО под број 17-291/2 од 02.02.2026 година.
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ бр. 1404-1399/2 од 21.05.2026 .
- ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ од МЕПСО бр. 11-182/1 од 15.01.2026 год.
- ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ од ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, Подрачно одделение Охрид - број 09-370/2 од 08.07.2026 година.

ЈП ВОДОВОД - ОХРИД

ЈП ВОДОВОД ОХРИД
ул.Наум Охридски бб - Охрид

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ
ЕМБС 7404026 ЕДБ МК4020019540214

Информации на.тел.046/230-020; тел.Дирекција 046/ 250-120; Наплатен центар-Корзо 046/254-179;
ж.с-ка 530000202220150 Охридска Б. ж.с-ка 270074040260131 Халк Банка ж.с-ка 300010000183220 Комерцијална Б.
ж.с-ка 200003531943622 Стопанска Б. ж.с-ка 210074040260124 Тутунска Б. ж.с-ка 500000001294880 Стопанска Б.
ж.с-ка 250019000515505 Шпаркасе Б. ж.с-ка 290000022217998 ТТК Банка ж.с-ка 370001100290428 Еуростандард Б.

БРЗО И ЕДНОСТАВНО ЕЛЕКТОРНСКО ПЛАЌАЊЕ БЕЗ ПРОВИЗИЈА НА WWW.EVODOVOD-OHRID.COM.MK

До
УПАПИ "Њу Вижен" ДОО
ул. „Цар Самоил" бр.84
Охрид

Ваш број: 03-02

Наш број: 09-53/1

ПРЕДМЕТ: Доставување на податоци, информации и мислења


Почитувани,

Во врска со Вашето барање со кое барате да Ви ги доставиме податоците и информациите за потребите на постапката за изработување и одобрување на **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид,** Ви ја доставуваме ситуацијата со внесена посточка водоводна инсталација, длабочината на цевките е околу 80, додека пак приклучоците се на помала длабочина и истите не се прикажани на цртежот. Притисокот во цевките на тој потег изнесува околу 3,5-4 бари. Во летниот период се јавува намален притисок. Поради тоа во постоечките и новопланираните објектите задолжително да се постават автоматски препумпни (хидрофорски) станици. При проектирањето да се обрне внимание на профилот на водоводните линии низ опфатот, истите да бидат со соодветен профил кој што ги задоволува современите потреби за вода за пиење и хидрантска вода за постоечките и новопредвидените објекти. Доколку при градежните зафати се наиде на водоводни линии, истите треба да се реконструираат / дислоцираат, односно, да се направи девијација, а трошоците паѓаат на товар инвеститорот. За време на изведбата на градежните зафати **задолжително** контактирајте со Техничката служба од ЈП "Водовод" – Охрид на тел. 075/212-901.

Со почит.

Прилог: Ситуација со внесена постоечка водоводна линија

ЈП "Водовод" Охрид
Сектор за водоснабдителни објекти,
производство и третман на вода за пиење
Овластено лице
Јон Чауле, Дипл. град. инг



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.01 И ГП 1.02 ФОРМИРАНИ ВО ДУП ЗА УЗ 15, УБ 15.7, ВО КО ОХРИД 4

ОПШТИНА ОХРИД

ЛЕГЕНДА :

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П= 3.40 ха

Постоечка водоводна линија — HDPE Ø 160 мм

БАРАЊЕ ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

КОНТРАКТОР / ИЗРАБОТУВАЧ: **НЈУ ВИЖЕН** ДОО ОХРИД УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ, НАДЗОР И ИНЖЕНЕРИНГ Бр. на лиценца : 0082	ул. Цар Самоил бл. 4/20 Охрид, contact@new-vision.mk
НАРАЧАТЕЛ: АСП ПАК ДОНЕСУВАЧ: ОПШТИНА ОХРИД	
НАСЛОВ:	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1.01 И ГП 1.02 ФОРМИРАНИ ВО ДУП ЗА УЗ 15, УБ 15.7, ВО КО ОХРИД 4, ОПШТИНА ОХРИД
ФАЗА: ПИМ	
ПРИЛОГ:	АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ
РАЗМЕР: 1:1000	ТЕХ. БР. 06/2025
УПРАВИТЕЛ: Георгиј Хаџиев дипл.инж.арх.	НОСИТЕЛ НА ПЛАНОТ: Георгиј Хаџиев дипл.инж.арх. овластување бр. 0240
СОРАБОТНИЦИ: Џан Сулејман мол.инж.арх. овластување бр. 0201	ДАТУМ: ЈАНУАРИ 2026
	ПРИЛОГ: 1

ДО: **НЈУ ВИЖЕН ДОО Охрид**

ПРЕДМЕТ: Доставување на податоци и информации

ВРСКА: Ваш бр. 03-02 од 09.01.2026 година
e-urbanizam, постапка бр.77263

Бр. 09-8/021

Скопје, 09.01.2026г.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид

при што утврдија дека предметниот опфат се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во опфатот нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилно воздухопловство и истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, со напомена дека за изградба на:

- хелидром
- издвоени антенски столбови, оцаци и водени кули со висина поголема од 30м,
- објекти со висина над 100м,

потребно е да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај од Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно *чл. 80, став (1) и (2) од Законот за воздухопловство ("Сл.весник на РСМ" бр.14/24, 224/24, 3/25 и 144/25),* на изработена проектна документација, а со цел следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
Советник на директорот за безбедност и сигурност на аеродроми и навигација
(по овластување од Директорот бр.02-452/2 од 29.10.2025 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389(2) 3 114 046 т.: + 389(2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Наш број: 1404-1399/ 2
Скопје 21 .05.2026 г.

ДО:
ТД НЈУ ВИЖЕН ДОО Охрид
ул.„Цар Самоил“ бр. 84
Охрид

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број : 03-02 преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид,** према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
Електронски комуникациски мрежи- во електронска форма

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска
Раководител на сектор:
Доц д-р инж Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

ул. Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје

тел.: 02 32 89 100
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

ТД НЈУ ВИЖЕН ДОО Охрид

ЦАР САМОИЛ 84,
6000 Охрид, Република Македонија

11-182/1

15.01.2026

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Број на предмет: 77263

Врз основа на Вашето барање со број на предмет 03-02 од 09.01.2026 година, (наш број 11-182 од 14.01.2026 година) за податоци и информации потребни за изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид ,**

Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Наталија Еленска

Проверил: Весна Чингоска

Одобрил: Semijal Ziberi

Генерален директор

Doc.d-r Burim Latifi

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Управа за заштита на културното наследство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Drejtoria për mbrojtjen e Trashëgimisë kulturore

До
„НЈУ ВИЖЕН“ ДОО
ул. „Цар Самоил“ бр. 84
6000 ОХРИД

Бр. 17-291/2
02-02-2026
Скопје

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше писмо бр. 03-02 од 09.01.2026 год.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за културно наследство за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, **Општина Охрид**, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека опфатот се наоѓа во границите на природното и културното наследство на Охридскиот регион заштитен од УНЕСКО. Поради тоа при планирање и проектирање потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), како и меѓународните и домашните прописи.

Доколку при реализацијата на проектот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

Директор
Весела Честоева

Изработил: м-р М. М. Миладиновска (22.01.2026)
Проверил/Одобрил: м-р. Б. Јовановска
26-01-2026

Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria për Mbrojtjen e Trashëgimisë Kulturore
ул. „Павел Шатев“ бр. 3, Скопје
Rr."Pavel Shatev" nr. 3, Shkup
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/7-7 од 09.01.2026
Скопје

Одговорно лице: Драган Николоски

Контакт телефон: 072 931 308

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 03-02 од 09.01.2026 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.


Со почит,


Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

EVN Group

Print_1/12/2026

Датум: 1/12/2026





Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 77263
Дата: 09.01.2026

До
Трговско друштво за производство, трговија и услуги
НЈУ ВИЖЕН ДОО увоз-извоз Охрид
ул. Цар Самуол 84, Охрид

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид , Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

НИСКОГРАДБА
ОХРИД

ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид
ул. Радојца Новичиќ бр. 1Б,
6000 Охрид
тел. 046/260-298
e-mail: niskogradbajavnost@yahoo.com
ж. с-ка 250000201290728
Шпаркасе банка
ЕДБ МК 4020010511009

До
Њу Вижен
ул. „Цар Самоил 84
1000 Охрид

Наш број: 09-14/2
Ваш број: 03-02

ПРЕДМЕТ: Информации

Почитувани ,

Во врска со Вашето барање за доставување на информации за канализациона инфраструктура за :

Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид

во прилог Ви доставуваме Шема на постоечка канализациона инфраструктура. Во опфатот постојат канализациони приклучоци за објектите кои не се прикажани.

Со почит

Прилог : Шема на постоечка фекална и атмосферска канализација

Со почит

Изготвил,
Петар Зафировски,дги

Проверил,Одобрил,
Нина Трендафилова,дги

Директор
Александар Трпеноски

КО ОХРИД 4

Ф 400

Ф 400

Шема на постоечка фекална и амосферска канализација

Легенда :

Фекална канализација

Атмосферска канализација

Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"- Охрид

Јавно претпријатие за комунална дејност "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" Бр 03-132/2 30.01 2026 год.

Тел: 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 2500001000731-68 Дан.бр.: МК 4020989101655
Депонент: "Шпаркасе Банка"-Охрид

До
е-урбанизам
креатор:Трговско друштво за производство, трговија и услуги НЈУ ВИЖЕН Доо

Предмет: Одговор на Барање

Во врска со вашето Барање за доставување на податоци и информации,Ве известуваме следното:

ЈП "Охридски Комуналец" Охрид е јавно претпријатие на територијата на општина Охрид кое извршува комунална дејност - собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад, одржување на јавното зеленило и одржување на јавна чистота.

За урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7 во КО Охрид 4, Општина Охрид не располагаме со податоци и информации.

ЈП Охридски Комуналец Охрид
Директор,
м-р Сашо Најдески

Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Подрачно одделение за заштита и спасување Охрид

Дата:	12 јануари 2026
Архивски број:	09-5/2
До:	УПАПИ „НЈУ ВИЖЕН“ ДОО Охрид
Предмет:	Податоци и информации, доставува.-
Врска:	Ваш акт бр.03-02 од 09.01.2026 година.-

Согласно чл. 32став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Дирекција за заштита и спасување Подрачното одделение Охрид, информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.01 и ГП 1.02 формирани во ДУП за УЗ 15, УБ 15.7, во КО Охрид 4, Општина Охрид.**

